# Управа за јавни приходи




годишен извештај

# 2007

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# Годишен извештај 2007

Мај, 2008 година

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД**

- Профил на УЈП — 3
- Фактори кои во 2007 година имаа влијание на работата на УЈП и на висината на даночните приходи — 6
- Програми за модернизација на УЈП — 8
- Како не гледаат тие за кои постоиме? — 11

**РЕЗУЛТАТИ ПО ФУНКЦИИ НА УЈП** — 11

- Регистрација и услуги на даночни обврзници — 13
- Даночни пријави, утврдување и наплата на данок — 15
- Надворешна контрола — 19
- Други активности — 21

**БОГАТСТВОТО НА ДРЖАВАТА СЕ ГРАДИ ОД ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ** — 22

- Персонален данок на доход — 25
- Данок на добивка — 27
- Данок на додадена вредност — 28
- Акцизи — 29

**ТРАНСПАРЕНТНОСТ** — 31

**СТАТИСТИКА** — 32

*Почитувани,*

*Ова е прв Годишен извештај на Управата за јавни приходи со кој таа ги претставува своите едногодишни активности и постигнати резултати пред јавноста. Извештајот е производ на процесот на модернизација кој се одвива внатре во Управата за јавни приходи, на кој интензивно се работеше во 2007 година и чиј резултат е отчетноста и транспарентноста за стореното. Таквите процеси условија во 2007 година да се остварат значајни резултати во сите домени од работењето на Управата за јавни приходи.*

*Во 2007 година успеавме да оствариме даночни приходи на значително повисоко ниво од оние во претходните години и повисоки од оние што беа планирани. Нашето задоволство од постигнатиот резултат е дотолку поголемо, кога се има во предвид дека, најголемиот дел од приходите се остварени по принцип на самооданочување, односно, доброволно платени од даночните обврзници кои свесно и совесно ги пријавуваат и плаќаат своите даночни обврски. Ваквиот однос упатува на фактот дека, Управата за јавни приходи успеа да ја зајакне својата институционална позиција во општеството. Таа се промовираше како професионална институција способна да ги решава работите од даночната сфера и истовремено подготвена да им помогне на даночните обврзници во извршувањето на нивните даночни обврски и во остварувањето на нивните права. Во прилог на освојувањето на довербата на даночните обврзници и промовирањето на партнерските односи со нив, е фактот дека во 2007 година се изврши неспоредливо највисок износ на враќање на ДДВ што е остварен од воведувањето на овој данок со што им се овозможи на даночните обврзници да го зголемат степенот на својата ликвидност и полесно да ги остваруваат своите економски активности.*

*Резултатите кои ги оствaривме претставуваат значајна основа за натамошно надградување и развивање. Управата за јавни приходи и во идниот период ќе го зајакнува својот административен капацитет неопходен за ефикасна примена и имплементација на даночното законодавство и нашето членство во ЕУ. Во таа насока преземаме активности за приближување кон практиките и стандардите на ЕУ и градиме капацитети за ефикасна и ефективна даночна администрација подготвена да одговори на новите предизвици, современите економски текови и барања на даночните обврзници.*

*За исполнување на нашите цели во идниот период посебно внимание ќе посветиме и на сите прашања поврзани со човечките ресурси, едукацијата и подигнувањето на квалитативните стандарди на работа, бидејќи овој Извештај говори за нивните резултати.*

*ДИРЕКТОР,*
*Горан Трајковски*

# ПРОФИЛ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

### *Правна рамка*

Акт за основање на Управата за јавни приходи (УЈП) во Република Македонија е Законот за Управа за јавни приходи (,,Службен весник на РМ ” бр. 80 од 30.12.1993 година, во примена од 01.01.1994 година). Со донесување на овој закон постојната Републичка управа за приходи и нејзините подрачни органи - одделенијата за даноци и одделенијата за инспекција, продолжуваат да работат како Управа за јавни приходи со нов делокруг утврден со овој закон. Новата институција ги презема и ги вклучува во својот состав и вработените од Службата на оптштествено книговодство на РМ кои работат на работи на контрола.

УЈП својата организација и делокругот на работење ги темели на одредбите од Законот за Управа за јавни приходи. Како извршен орган оперативно ја спроведува даночната политика и врши наплата на даноци и други јавни давачки врз основа на Законот за даночната постапка, посебните даночни закони и меѓународните договори од областа на даноците; им дава помош на даночните обврзници за исполнување на нивните даночни обврски; го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава предлози за негово унапредување, со цел, зголемување на ефикасноста и ефективноста во наплатата на даноците; соработува со даночни органи од други држави и дава меѓународна правна помош во даночни предмети.

***Мисијата*** на Управата за јавни приходи е да врши наплата на даноците и другите јавни давачки заради обезбедување на функциите на државата. УЈП постои за да дава помош и поддршка на даночните обврзници за доброволно исполнување на даночните обврски. Нашиот слоган е ***Твој данок, твоја иднина!***

УЈП се обврзува дека ќе ги почитува правата на даночните обврзници во согласност со ***Повелбата за правата на даночниот обврзник*** и ќе обезбеди:

- Тајност и доверливост
- Професионална и коректна услуга
- Подеднаков третман на сите даночни обврзници
- Плаќање на вистинскиот износ на данок
- Ефикасно работење
- Избор за контрола според утврдени критериуми
- Право на жалба и судска ревизија

***Финансирањето*** на УЈП се обезбедува од:

- Буџетот на Република Македонија
- Приходи од склучени договори за вршење на контрола и наплата на јавни давачки
- 25% од приходите од откриени и наплатени даноци и камати
- Други приходи утврдени со пропис

Во 2007 година УЈП располага со приходи од вкупно 700 милиони денари од кои 429 милиони денари, или 61,31%, се добиени од Буџетот на Република Македонија, додека 271 милиони денари, или 38,69% се сопствени остварени средства. 30,41% од сопствените средства се пренесени од претходни години како вишок на средства, 15,44% потекнуваат од неданочни приходи, додека 54,14% потекнуваат од даночните приходи кои УЈП има право да ги користи.

Вкупните расходи на УЈП за 2007 година изнесуваат 594 милиони денари, од кои 65,71% се однесуваат на бруто платите на вработените, додека остатокот се однесува на трошоци за редовно и инвестиционо одржување, печатење и чување на контролните акцизни марки, обрасци и други работни материјали. Вишокот на остварени приходи од 105 милиони денари се пренесени во 2008 година.

### *Ефективност и Ефикасност*

Во 2006 година со 1251 вработен УЈП има наплатено 52.847 милиони денари даноци, што претставува остварен даночен приход од **42,2 милиони денари по вработен.**

Во 2007 година со 1231 вработен УЈП има наплатено 61.337 милиони денари даноци, што претставува остварен даночен приход од **49,8 милиони денари по вработен.**

За таквиот резултат во **2006** се направени вкупни расходи на работењето на УЈП од 684 милиони денари што претставува **трошок по вработен од 547 илјади денари.**

Во **2007** година направени се вкупни расходи на работењето од 594 милиони денари, што по вработен изнесува **трошок од 483 илјади денари годишно.**

### *Во УЈП на 31.12.2007 година бројот на вработени е 1.231 лица.*

***Кадровската структура*** на 1.231 вработени по основ на стручната подготовка е:

- **50,77%** со високо образование
- **14,95%** со вишо образование
- **33,39%** со средно образование и
- **0,89%** со основно образование

***Старосната структура*** на вработените е:

- **9,01%** - старосна група од 20-34 години
- **37,78%** - старосна група од 35-49 години
- **47,60%** - старосна група од 50-59 години
- **5.61%** - старосна група над 60 години

Неповолната старосна структура на вработените, но и релативно високата застапеност на високо образованиот кадар, во 2007 година се подобрува со вработување на 42 млади лица со високо образование од различни профили (економисти, правници, информатичари) со што се воспоставува нов квалитет во структурите.

### *Разместеност на вработените по регионални дирекции*




### *Признанија и награди на вработените*

Цел на Управата за јавни приходи е да стане посакувано место за работа и создавање кариера на млади, образовани и просперитетни луѓе спремни во текот на целата своја кариера да го унапредуваат своето знаење и да ги иновираат работните процеси. Затоа, работата со човечките ресурси станува една од централните активности која ја зафаќаат процесите на модернизација, а целосно манифестирање на програмските активности се очекува во наредната година.

Празникот на даночните работници Свети Матеј, заштитникот на даночниците и единствениот даночник меѓу 12-те свети апостоли кој се слави на 29 ноември, беше прославен со доделување плакети за професионалност и ефикасност во работата на Секторот за утврдување и наплата на даноци во Генералната дирекција и на Регионалната дирекција Скопје и пофалници и награди за постигнатите работни резултати на десет вработени.

## *Организација*

УЈП функционира единствено на целата територија на Република Македонија. Како орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со статус на правно лице, своите работи ги извршува според регионална поделба и според големина на даночни обврзници преку: Генерална дирекција со седиште во Скопје, шест регионални дирекции, една дирекција за големи даночни обврзници и дваесет и четири даночни одделенија




**РД ШТИП**

*ДО Куманово*
*ДО Виница*
*ДО Делчево*
*ДО Кочани*
*ДО Кратово*
*ДО Крива Паланка*
*ДО Пробиштип*
*ДО Свети Николе*

**РД СКОПЈЕ**

**РД ТЕТОВО**

*ДО Гостивар*
*ДО Кичево*
*ДО Дебар*

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ГОЛЕМИ ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ**

**ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА**
**ДИРЕКТОР**

**СЕКТОРИ НЕПОСРЕДНО ВРЗАНИ СО ДИРКТОРОТ**

- *Работи непосредно сврзани со директорот*
- *Внатрешна ревизија*
- *Правни работи*
- *Приговори*

**СЕКТОРИ ПО ФУНКЦИЈА**

- *Услуги на даночни обврзници и даноци*
- *Утврдување и наплата на данок*
- *Надворешна контрола*
- *Присилна наплата*
- *Стратешко планирање и развој, анализа и статистика*

**СЕКТОРИ ЗА ПОДДРШКА**

- *Управување со човечки ресурси и едукација*
- *Буџет и финансии*
- *Информатичка и комуникациона технологија*
- *Општи работи*

**РД ПРИЛЕП**

*ДО Велес*
*ДО Кавадарци*
*ДО Крушево*
*ДО Македонски Брод*
*ДО Неготино*

**РД БИТОЛА**

*ДО Струга*
*ДО Охрид*
*ДО Ресен*
*ДО Демир Хисар*

**РД СТРУМИЦА**

*ДО Берово*
*ДО Валандово*
*ДО Гевгелија*
*ДО Радовиш*

# ФАКТОРИ И ОПКРУЖУВАЊЕ

ФАКТОРИ И ОПКРУЖУВАЊЕ

На работата на Управата за јавни приходи и на висината на даночните приходи во 2007 година, најголемо влијание имаа:

- Макроекономскиот амбиент и опкружување
- Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2007 година
- Промените во даночното законодавство
- Националната програма за усвојување на правото на Европската унија
- Проектот за техничка помош во спроведување на реформата на даночната администрација за периодот 2005-2008 година спроведуван со Одделот за фискални работи на ММФ
- Програмата за поттикнување на инвестициите во Република Македонија 2007-2010 година
- Стратешките определби на УЈП за периодот 2007-2009 година

## *Макроекономски амбиент и опкружување*

Во 2007 година во Република Македонија се оствария најдобри економски резултати во сиот досегашен период на транзиција, со позитивни движења во сите сектори на економијата. Според проценети податоци, реалниот раст на бруто домашниот производ (БДП) во 2007 година изнесува 5,1%, што соодветно се одрази и на даночните приходи.

## *Промени во даночното законодавство*

На висината на приходите што се оствария во 2007 година, по основ на Годишната сметка за 2006 година и тековно за 2007, пред се имаа влијание измените и дополнувањата на Законот за данокот на добивка и на Законот за персоналниот данок на доход извршени на крајот на месец декември 2005 и 2006 година, како и измените и дополнувањата на Законот за данокот на додадена вредност, и соодветно на тоа, извршените измени и дополнувања на Одлуката за определување на производите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност.
Со измените и дополнувањата на законите за данокот на добивка и за персоналниот данок на доход се воведе т.н. рамен данок, односно, стапката на оданочување за данокот на добивка и за персоналниот данок се определи во висина од 10%, со преодно решение за 2007 година во висина од 12%. Истовремено се извршија и позначајни промени по основ на даночните олеснувања и ослободувања.
Со промените во законите за даноците на доход се обезбеди позначајно зголемување на даночната основа и се укинаа одделни даночни ослободувања.
Со измените и дополнувањата на Законот за данокот на додадена вредност, примената на повластената даночна стапка од 5% се прошири и на други производи (лекови и одредени медицински помагала, компјутери и софтвер за компјутери, терминални сончеви системи и компоненти, и на прометот на услуги на превоз на лица и нивниот придружен багаж).

## Националната програма за усвојување на правото на Европската унија

Основна определба на УЈП согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската унија е зајакнување на нејзините административни капацитети за спроведување на даночното законодавство и намалување на даночната евазија. Тоа подразбира преземање мерки за реформирање на политиката за контрола и зајакнување на нејзините капацитети, донесување на сеопфатна стратегија за наплата на даноците, стратегија за воспоставување и развој на услугите кон даночните обврзници, а особено на електронските услуги и воспоставување на административна соработка и взаемна помош со земјите на Европската унија.

## Проект за реформа на даночната администрација 2005-2008 година спроведуван со Одделот за фискални работи на ММФ

Цел на проектот е постепено интегрирање во УЈП на наплатата на социјалните придонеси, кои сега се наплаќаат од страна на три фондови, заедно со даноците. За таа цел, почнувајќи од 2005 година искреирана е комплексна програма за подобрување на капацитетите на УЈП во делот на наплата на приходите која треба во краткорочни и среднорочни рокови да обезбеди:

- зголемено ниво на придржување кон законските обврски на даночните обврзници кое ќе се манифестира со пораст на доброволното плаќање на даноците
- обезбедување на подобри сервиси и поедноставени постапки кои ќе ги намалат трошоците на постапување на даночните обврзници за исполнување на нивните обврски
- намалување на трошоците на работењето и зголемување на ефикасноста и ефективноста на УЈП преку севкупен развој на човечките ресурси, професионализмот и работното опкружување на персоналот

## Програма за поттикнување на инвестициите во Република Македонија 2007-2010

Програмата за поттикнување на инвестициите во Република Македонија 2007-2010 година има за цел, развој на политики и преземање на реформи кои ќе доведат до подинамичен економски развој на земјата преку изградба на три столба: зголемување на домашните и странските инвестиции, зголемување на конкурентноста на компаниите и подобрување на капацитетот на јавните институции за спроведување на реформите. Во тие рамки е оценет како значаен, развојот на Управата за јавни приходи како институција надлежна за наплата на даноците и на социјалните придонеси за која цел е потребно, зајакнување на нејзините материјални и кадровски капацитети, воведување нови стратегии за контрола, подобрување на процедурите за работа, воведување на програми за обука на вработените и зголемување на транспарентноста на работењето.

## Стратешки определби

За периодот 2007-2009 година Управата за јавни приходи како основна цел го постави остварувањето на следните стратешки приоритети:

- Намалување на трошоците од усогласувањето на даноците и социјалните придонеси
- Развој на професионализмот, еднаквоста и интегритетот на човечките ресурси во УЈП
- Подобрување на оперативната ефикасност
- Активности за отстранување на неусогласеноста на даноците и социјалните придонеси
- Усогласување на практиките на УЈП со стандардите на Европската Унија

*За Управата за јавни приходи наведените документи претставуваат зацртана програма за модернизација, а внатре во институцијата постои јасна визија и целосна поддршка која се манифестира преку многубројни иницијативи за нивна реализација.*

# МОДЕРНИЗАЦИЈА

*Во настојувањето да ги усогласиме практиките со стандардите на Европската Унија поддржани сме и ја користиме меѓународната поддршка од ММФ, Канцеларијата за Царинска и Фискална поддршка при Европската Унија (EU CAFAO МАК), Министерството за финансии на Кралството Холандија, стручната соработка со Интра-Европската организација на даночни администрации (IOTA)...*
*Нашата благодарност ја изразивме и со доделување на плакети за посебен придонес и поддршка во процесот на модернизација на: Амбасадата на Кралството Холандија во Македонија, на Г-дин Стен Штрозбри - Советник за даночна реформа од ММФ и на Канцеларијата за Царинска и Фискална поддршка при Европската Унија во Република Македонија.*

За реализација на проектите за модернизација најзначајни се консултантските програми добиени во рамките на Техничката помош дадена преку Одделот за фискални работи на ММФ и програмата Фискална поддршка при Европската Унија кои ја опфаќаат проблематиката на функционалната организација на УЈП и нејзиното ефикасно функционирање, развојот на човечките ресурси, поставеноста и функционирањето на информатичката технологија, развојот на услугите кон даночните обврзници и зголемување на нивото на нивното доброволно усогласување со даночните обврски, развивање на стратегија за контрола и посебни методи на контрола, процесирање, задоцнето пријавување на даноци и методи на наплата на долговите, стратегија на мерење на учиноците од работењето, активности за хармонизација на основиците за социјалните придонеси и персоналниот данок на доход и развој на комуникацијата и транспарентноста на УЈП во односите со јавноста.

**Проекти во 2007 година:**

- ***Подобрување на правната рамка*** - Со донесување на Законот за Управата за јавни приходи се воспостави правна рамка за преструктуирање на Генералната дирекција на УЈП и воведување на измени во организацијата на регионално и на локално ниво по принципите на функционално организирање, како и организирање на Дирекцијата за големи даночни обврзници. Во 2007 година изготвени се и ставени во процедура на донесување измени и дополнувања на овој закон. Со измените се овозможува воведување на концепт на нов деловен модел, на кој сега се работи и кој ќе се воспостави со измените на овој закон кој ќе овозможи децентрализација и широко имплементирање на услугите кон даночните обврзници преку оперативните единици. Со измените исто така се регулира и статусот на вработените како „даночни службеници„ со што се очекува подигнување на професионализмот и ефикасноста на работењето.

- ***Новата стратегија за услуги кон даночните обврзници*** која отпочна да се спроведува, има за цел, едукација, поттикнување и зголемување на свеста на даночните обврзници доброволно да ги исполнуваат даночните обврски без интервенција на УЈП.

- ***Односи со јавноста*** - Комуникацијата на УЈП со јавноста се заснова на принципот на транспарентност, интерактивност и учество на сите заинтересирани чинители. Комуникацијата е фактор преку кој ги градиме вредностите на институцијата и ја јакнеме довербата на јавноста. За таа цел донесена е сеопфатна стратегија за комуникација, ново лого, слоган и корпоративни бои на УЈП.

- ***Програма за наплата*** - Во борбата против одбегнување на плаќање на даноците, во текот на 2006 година се отпочна со изградба на сеопфатна програма за наплата по која и во 2007 година продолжуваат активностите за зајакнување на наплатата на заостанати обврски и по задоцнети даночни пријави. Донесена е стратегија, план и се развиваат методи за утврдување, селектирање и наплата на долговите и процедури за нивно имплементирање и едукација на вработените. Во 2007 година се работеше на воспоставување на централна обработка на даночните пријави, од што се очекува поголема ефикасност во работата и точност на податоците.

- ***Мерки за мерење на учиноци*** - Еден од клучните елементи на ефективна даночна администрација е добро дизајниран систем за мерење на резултатите од нејзиното работење. УЈП воспостави конкретни стандарди за работата на суштинските даночни функции. Тие имаат за цел, да ја зајакнат ефикасноста, ефективноста и отчетноста на организацијата во однос на учинокот и да ги зајакнат нејзините системи за управувањето со резултатите.

- ***Администрирање на средни и мали даночни обврзници*** - Како мерка за зајакнување на вкупниот административен капацитет на УЈП е и унапредувањето на работата со малите и средните даночни обврзници и нејзината реализација преку Пилот проектот во Регионалната дирекција Штип, што, како активност, продолжува и во наредната година. Донесена е стратегија за реализација на Пилот проектот и оперативни планови за развој на основните функции по кои се постапува.

- ***Реформа на надворешната контрола*** - Во текот на целата 2007 година спроведувани се структурни мерки за реформирање на политиката за контрола, со развивање на стратегија за ревизија и соодветни објективни системи за контрола и критериуми за планирање. Нивното донесување обезбедува дефинирање на објективни критериуми за селектирање за контрола, ризични фактори за посебни даноци и за посебни статуси на компании со цел, избегнување на субјективистички пристап кон изборот за контрола и на дискриминаторна примена на законодавството.

- ***Човечки ресурси*** - Изготвена е стратегија за развој на човечките ресурси. Зајакнувањето на човечките ресурси не се одвива преку значајно зголемување на нивниот број, туку како реалокација на персоналот за постигнување на негово подобро усогласување на работното место, подобрување на работните услови и на техничката база и воведување на сеопфатни програми на обука. Значајни се активностите за учество во меѓународни едукативни програми, семинари, работилници, студиски посети на странски даночни администрации, учество на форуми и конференции.

- ***Меѓународна соработка*** - На иницијатива и во организација на Управата за јавни приходи, од 1 до 3 октромври 2007 година во Скопје, Република Македонија се одржа Првата конференција на даночните управи на Балканските држави, која треба да прерасне во редовна годишна средба за размена на знаења и искуства.

- ***Внатрешна ревизија*** - УЈП ја зајакнува функцијата на внатрешната ревизија како интерен контролен систем на усогласеноста во постапувањето со законите, политиките, стратешките планови, внатрешните правила и процедури, економичноста и ефикасноста на користењето на ресурсите и соодветна контрола на ризиците. Наодите на ревизијата му служат на менаџментот на УЈП за подобрување на процесите на раководење и воспоставување на нови потребни практики.

- ***Информатички систем*** - Целата 2007 година е посветена на изградба на Студијата за новиот ИТ систем на УЈП, кој треба да ја реализира новата стратегија за информатичка технологија и новиот менаџмент информациски систем кој отпочнува да се гради во 2008 година.

*Сите поединечни програми на модернизацијата во голем дел се сконцентрирани на Проектот за работа со средни и мали даночни обврзници кој, всушност, треба да биде сликата на идната современа даночна управа. Имено, после формирањето на Дирекцијата за големи даночни обврзници во 2006 година, преку која се зголеми усогласеноста и се подобрија услугите за најголемите деловни субјекти во земјата, целиот потенцијал на УЈП се концентрира на процесите на реорганизација, функционално оспособување, техничко, просторно и кадровско опремување на регионалните дирекции. Со цел, да се добие реална слика за актуелната состојба во која се наоѓаше УЈП, на почетокот на 2007 година изготвени се комплет на прашања кои навлегуваа во сите сегменти на работењето на УЈП и кои беа понудени на даночните обврзници во вид на Анкета-Истражување на мислењето на нашите клиенти.*

# КАКО НЕ ГЛЕДААТ ТИЕ ЗА КОИ ПОСТОИМЕ

*Во текот на месец јуни 2007 година од страна на независна специјализирана компанија спроведена е Анкета за истражување на степенот на задоволство на даночните обврзници од работата на УЈП од различни аспекти:*

- *Стандарди во давањето услуги*
- *Ефикасност во работењето*
- *Транспарентност на постапките*
- *Професионалниот интегритет на вработените*

*Анкетата е спроведена над репрезентативен број од 703 мали и средни даночни обврзници од целата држава, кои го претставуваат мислењето на нашите клиенти. Анкетата има за цел да ни помогне да изградиме даночна администрација*

- *Ефикасна*
- *Праведна и*
- *Услужно ориентирана*

## *КАКВИ СЕ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТАТА?*

***По поединечни прашања даночните обврзници одговориле дека се:***

- доволно информирани за даночната постапка ------------------------------------- 82%
- информациите добиени од УЈП се точни и законски ---------------------------------- 78%
- информациите се јасни и разбирливи ------------------------------ 71%
- до информациите лесно се пристапува ------------------------------ 77%







***На прашањата кои се однесуваат на задоволството од односот на вработените, одговориле дека:***

- вработените се однесуваат со почит ------------------------------------- 81%
- навремено ги исполнуваат обврските ------------------------------------ 79%
- се однесуваат коректно ---------------- 89%
- инспекторите се објективни во вршење на контролите ------------- 91%

***Оценката на поставените процедури за работа е дека:***

- пополнувањето на даночните пријави е едноставно ------------------- 88%
- процедурите се јасни ------------------- 72%
- се извршуваат за кратко време ----- 80%







На прашањето на кој начин може да се зголеми доброволното плаќање на даноците, 80% од испитаниците одговориле дека тоа е по пат на развивање на услугите и комуникацијата со даночните обврзници.

*Процесите на модернизација имаат за цел подигнување на оперативната ефикасност во извршување на сите даночни постапки со што ќе се олесни пристапот на даночните обврзници кон администрацијата и извршувањето на нивните даночни обврски ќе го направи едноставно. Во 2007 година Управата за јавни приходи успеа да се промовира како институција која е професионална и способна ефикасно да ги решава даночните работи, а во исто време е спремна да им помогне на даночните обврзници. Тоа резултираше со пораст на бројот на даночни обврзници, пораст на даночната дисциплина кај даночните обврзници и пораст на даночните приходи.*

*Во таа смисла, постигнати се следните резултати...*

# РЕГИСТРАЦИЈА И УСЛУГИ НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ

**Во 2007 година Управата за јавни приходи администрира вкупно 125.604 даночни обврзници со:**

- статус на правни лица 105.304
- статус на самостојни вршители на дејност 20.300

*новорегистрирани даночни обврзници - [пораст 2007/06 6,5 %]*

*правни лица 10.981*

*самостојни вршители на дејност 2.432*

*дерегистрирани даночни обврзници - [пораст 2007/06 50,0 %]*

*правни лица 3.979*

*самостојни вршители на дејност 1.499*

*Функцијата на регистрација и услуги на даночни обврзници се извршува со 217 вработени*

Од вкупниот број на даночни обврзници, 32.995 се регистрирани за целите на ДДВ. Во текот на годината регистрирани се 4.433 нови обврзници за ДДВ, а тој статус го напуштиле 2.843 обврзници.

Согласно Законот за регистрација на готовинските плаќања во периодот 2002-2007 година фискализирани се 51.121 даночни обврзници кај кои се ставени во функција вкупно 65.090 фискални апарати.

За односот кон даночните обврзници, УЈП донесе Стратегија која има за цел, да го подигне нивото на односите кон даночните обврзници, да создаде средства и механизми за подобар пристап на даночните обврзници до информациите кои им се потребни и на тој начин да го подигне степенот на свесноста за нивната социјална улога во општеството во однос на потребата од плаќање даноци. За таа цел преземени се активности кои значат:

## *Поедноставување на постапките и намалување на директниот контакт со даночните обврзници*

Со воведување на поедноставени постапки за пријавување и плаќање на даноците, особено на даноците од доход, се олеснува исполнувањето на обврските и се создава амбиент за нивно почитување.

Поедноставувањето на постапките, скратувањето на времето потребно за нивно извршување и елиминирање на потребата даночните обврзници да доаѓаат во просториите на УЈП, се основните причини за воведување и проширување на електронските даночни услуги. Управата за јавни приходи овозможи електронско поврзување со Централниот Регистар на Република Македонија преку кое функционира едношалтерскиот систем за регистрација на правни лица и лица регистрирани во други основни регистри кои се водат во Република Македонија. Во овој систем УЈП презеде активна улога на доделување на Единствениот даночен број (ЕДБ) заради идентификација на секој даночен обврзник во даночна постапка и негово електронско доставување во рок од 90 минути до Централниот регистар кој го запишува во решението за регистрација.

Во Дирекцијата за големи даночни обврзници овозможено е сите даночни обврзници да го користат е-даноци системот за поднесување на сите даночни пријави. Во 2007 година се продолжува со активностите за поттикнување на пошироко користење на е-даноци системот.

Со цел поедноставување на постапките за оданочување, законски е овозможен и се промовира нов поедноставен систем за оданочување на малите даночни обврзници со данок на вкупниот приход, кој за нив го заменува сложеното пресметување на данокот на добивка. Исто така, воведени се и поедноставени даночни пријави за персоналниот данок на доход што овозможи зголемено пријавување на даночните обврски и поголема точност на податоците.

Со давање на подобри услуги во вид на точна и навремена информација и едукација, УЈП работи на создавање социјално свесни даночни обврзници кои го разбираат даночниот систем и функцијата на даноците. 2007 година ја карактеризира развој на посебни програми за услуги на даночни обврзници кои опфаќаат изготвување на: Стратегија за услуги, база на знаења за користење на редизајнирана Веб страна на УЈП и Контакт центар (кои ќе се реализираат во 2008 година), изготвување на Граѓански дневник, едукативни и информативни пишани материјали, како и организирање семинари и информативни средби за даночните обврзници.

### *Едукација , информација и помош*

| | |
|---|---|
| **телефонски контакти со даночни обврзници** | **33 097** |
| **комуникација лице в лице со даночни обврзници** | **20 335** |
| **пишани мислења и одговори на прашања на даночни обврзници** | **874** |
| **посети на зелените пазарите** | **127** |
| **семинар за корисниците на тезги на зелените пазари** | **31** |

Целта на УЈП е да ги оспособи даночните обврзници самостојно и одговорно да ги извршуваат своите законски обврски и во таа насока да им обезбеди потребна едукација и навремена информација. Во 2007 година како помош на даночните обврзници изготвени се бројни брошури, водичи, флаери, соопштенија и информации и дадени се едукативни услуги преку одговори на писмени, усмени и електронски поставени прашања, а организирани се и бројни директни средби со даночните обврзници.

Во 2007 година се отпочна со спроведување на советодавни и информативни посети кои имаа за цел да им помогнат на даночните обврзници во примена на прописите, посебно на почетокот од нивното

работење, со укажување на нивните обврски и роковите за нивно исполнување, но и цел, УЈП да добие информации за бизнисот на даночниот обврзник, трендовите, влијанијата и ризиците кои се одразуваат на неговиот приход.
Особено се значајни советодавните посети во рамките на Пилот проектот за работа со средни и мали даночни обврзници во РД Штип и советодавните посети на соработниците за услуги во ДГДО со новите даночни обврзници кои се администрираат во ДГДО од 1 јануари 2008 година.
Во рамки на Програмата за намалување на сивата економија во Република Македонија спроведена е широка медиумска кампања преку националните и локалните медиуми, реализирани се бројни информативни и едукативни посети на зелените пазари и едукативни семинари за корисниците на тезги на зелените пазари, кои имаа за цел, нивно информирање и едуцирање за законските обврски, можностите и процедурите за соодветна регистрација и фискализација.

***Како една од причините за зголемениот број на регистрации на нови даночни обврзници и зголемениот даночен приход може да се смета и имплементацијата на наведените програми***

# ДАНОЧНИ ПРИЈАВИ И УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ДАНОК

Брзината и ефикасноста во постапката на приемот и обработката на податоците од даночните пријави, точноста и навременоста, се предуслов за извршување на наредните функции – утврдување и наплата на даноците. Основна цел е постигнување на максимална опфатност на даночните обврзници и висок степен на доброволна усогласеност со нивните даночни обврски. За таа цел, изготвена е Стратегија за зголемување на доброволното пријавување на даноците и нивна зголемена наплата.

***Стратегија за зголемување на пријавувањето и наплата на даноците***

Стратегијата треба да овозможи изготвување на сеопфатни програми за воведување на нови методи на прием и обработка на даночните пријави, подобрување на наплатата на даноците и воспоставување на механизми за зголемување на наплатата на даночните долгови кои не се навремено и доброволно платени и поттикнување на доброволното пријавување и плаќање на даноците од страна на даночните обврзници.

Во 2007 година примени се и обработени следните даночни пријави:

**Обработени даночни пријави во 2007**

- Даночни пријави на ДДВ --------------------------------------------------------------128.067
- Акцизни пријави за минерални масла ---------------------------------------------144
- Акцизни пријави за алкохол и алкохолни пијалоци ---------------------------- 36
- Месечен даночен биланс за данок на добивка ----------------------------169.272
- Годишен даночен биланс за данок на добивка ---------------------------- 60.422
- Месечна пресметка на исплатувачот на плата ---------------------------- 545.489
- Годишна даночна пријава за ПДД (граѓани) -----------------------------------19.447
- Аконтативни даночни пријави за:
  - приходи од имот и имотни права --------------------------------------------- 3.738
  - приходи од вршење самостојна дејност ---------------------------------14.684
  - приходи од капитални добивки -----------------------------------------------12.618

Во Дирекцијата за големи даночни обврзници (ДГДО) во 2007 година потпишани се договори за користење на е-даноци системот за поднесување на даночни пријави со 119 обврзници од вкупно 133 со кои таа администрираше во годината.

**Примени електронски пријави во ДГДО во 2007**

- Даночна пријава за ДДВ ------------------------------------------------------------------1.122
- Месечен даночен биланс за данок на добивка -----------------------------------1.198
- Месечна пресметка на исплатувачот на плата ----------------------------------1.161

Основен принцип за утврдување на данокот, согласно постоечкото даночно законодавство, е принципот на самопријавување и самоутврдување. Но, во одредени случаи тоа предвидува утврдувањето на данокот да се изврши од страна на УЈП со донесување на даночно решение, а тоа се случаите кога со закон е пропишано да не се спроведува самооданочување, кога и покрај самооданочувањето мора да се донесе даночно решение, кога за даночниот обврзник се утврдува целосно или делумно ослободување од данок, кога неговото барање за утврдување на данок е одбиено, или, кога има отстапување од самооданочувањето на даночниот обврзник. Во 2007 година УЈП има изготвено решенија за утврдување данок за:

**Решенија за утврдување данок во 2007 година**

- Физички лица кои вршат занаетчиска дејност ----------------------------------1.112
- Годишен приход на физички лица ------------------------------------------------ 46.413
- Приходи од вршење самостојна дејност ---------------------------------------16.351
- Приходи од имот и имотни права ---------------------------------------------------- 6.450
- Приходи од капитални добивки ------------------------------------------------------12.058
- Решенија за наплата на судски такси -------------------------------------------- 6.140

Согласно Стратегијата за зголемување на доброволното пријавување на даноците и нивна зголемена наплата, се промовира принципот на “брзо идентификување и рано реагирање” за настанатите долгови во плаќањето на даноците. Такви активности се спроведуваат во сите организациони делови на УЈП, но сепак, највпечатливи се оние преземени во Дирекцијата за големи даночни обврзници (ДГДО).

Во случаите кога отсуствува доброволно плаќање на даноците, се применуваат различни постапки на наплата, согласно состојбата на долгот и можностите на должникот- наплата на даночни долгови со пребивање со повеќе платени други даноци, одложување на извршувањето со обезбедени гаранции, привремен отпис на данок, заплена и впаричување на имот и други мерки предвидени со Законот за даночната постапка.

УЈП врши идентификација на “заостанатиот” даночен долг, ги известува даночните обврзници за висината на даночниот долг и ги користи инструментите кои се на располагање за плаќање на истиот, се со цел да се наплатат долговите, без нарушување на економското постоење на даночниот обврзник.

**Постапки на наплата на УЈП во 2007 година**

- **Пребивање и пренасочување на повеќе и погрешно платени даноци**

Постапки на пребивање на повеќе платениот данок со даночниот долг ---------1.609
[пораст 2007/06 за 102%]
Постапки за пренасочување на повеќе и погрешно платени даноци -------------7.960
[пораст 2007/06 за 6%]

- **Цесии-Спроведени плаќања со цесии** --------------------------------------------- 1.462
- **Репрограм-одложено плаќање**

Спроведени постапки за сите видови даноци ---------------------------------------------185

- **Привремен отпис на данок**

Постапки во случаи кога наплатата нема да успее или трошоците за наплата не се во сооднос со даночниот долг ---------------------------------------------------------3.223

- **Опомени**

Издадени опомени за наплата на долгови на даноци и
споредни давачки -------------------------------------------------------------------------------22.921
[пораст 2007/06 за 4%]
По кои се извршени плаќања во случаи ------------------------------------------------1.295

- **Присилна наплата**

Постапки на забрана над паричните средства на должникот ---------------------5.575
[пораст 2007/06 за 67%]
Постапки на наплата од движни предмети и недвижност --------------------------------56
[намалување 2007/06 за 91%]
Постапки на наплата од должниците на должникот ---------------------------------------129
[пораст 2007/06 за 1.512%]
Постапки на наплата од лични примања -----------------------------------------------------2
[намалување 2007/06 за 991%]

- **Наплата на судски такси**

Постапки за присилна наплата на судски такси по барање на судовите -----------256

УЈП во 2007 година согласно службените евиденциии, а по барање на даночните обврзници и други институции, ги изврши следните активности:

- **Уверенија за платени даноци**---------------------------------------------------------131.619
  - - за правни лица -----------------------------------------------------------------------------13.433
  - - за самостојни вршители на дејност ----------------------------------------------5.689
  - - за физички лица ------------------------------------------------------------------------112.497
- **Заклучоци за неплатени даноци**------------------------------------------------------ 460
  - - за правни лица ------------------------------------------------------------------------------ 438
  - - за самостојни вршители на дејност -----------------------------------------------18
  - - за физички лица --------------------------------------------------------------------------- 4
- **Постапки на враќање на повеќе и погрешно платените даноци** ----------- 807 [пораст 2007/06 7,3 %]
- **Барања за наплата на судски такси**-----------------------------------------------12.518

Во 2007 година, Управата за јавни приходи, согласно овластувањата од Законот за спречување на корупцијата и од Законот за персонален данок на доход, спроведе постапки за дополнително утврдување на данок во случаите кога приходите се делумно или целосно непријавени и неоданочени.

**Посебни постапки за дополнително утврдување на данок**

**Постапка за испитување на имот и имотна состојба** на избран или именуван функционер, како и друго службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал

- **Број на постапки ----------------------------------------------------------------------------- 3**
- **Утврден данок ----------------------------------------------------------9.185.658 денари**

**Постапка за утврдување на данок кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените приходи** на кои не е утврден данок или не е доволно утврден

- **Број на постапки ----------------------------------------------------------------------------- 46**
- **Утврден данок ------------------------------------------------------- 301.295.856 денари**

***Функцијата утврдување и наплата на данок се извршува со 472 вработени од кои во делот на присилна наплата се ангажирани 148 лица***

# НАДВОРЕШНА КОНТРОЛА

***Функцијата надворешна конрола се извршува со 305 вработени од кои даночни инспектори се 232 лица***

Надворешната контрола врши преиспитување и утврдување на законитото и навремено исполнување на даночните обврски од страна на даночните обврзници.
Во 2007 година донесена е Стратегија за планирање на надворешни контроли со која се идентификуваат клучните цели кои треба да се остварат и се утврдени методите и стратегиите кои ќе се користат за остварување на целите. За спроведување на стратегијата за планирање и за подобрување на процесот на работењето, изготвени се критериуми за ризик за селекција на случаи за надворешна контрола, информативни пакети кои ги содржат карактеристиките и најважните информации за даночните обврзници и сетови на помошни алатки со потребни показатели.
Воведени се нови методи за контрола кои се тестираат преку пилот проекти за:

- контрола со кореспонденција
- канцелариска контрола
- контрола на терен-пакет на контроли

Како посебни стратегии се развиваат:

- стратегија за интегрирана надворешна контрола
- стратегија кон поединци со големо богатство која опфаќа и идентификување на лицата со големо богатство и создавање на база на податоци и
- стратегија за начинот на откривање на нерегистрирани даночни обврзници, контрола, регистрација и задолжување со данок како мерка за спречување на сивата економија и даночната евазија.

Во 2007 година се отпочна со развивање на посебна методологија за контрола при регистрација на нови бизниси, методологија на целосни контроли, методологија за контрола за можноста и за видовите на наплата на долгови, се отпочна со развивање на методи на контрола за борба против корупцијата и други казниви дела.
Со промената на методологијата за надворешна контрола се постигнаа следните резултати:

## ИЗВРШЕНИ КОНТРОЛИ

извршени контроли во 2007 ------------------------------------------------------------ 19.977
извршени контроли во 2006-------------------------------------------------------------- 24.749
[намалување 2007/06 за 19%]
со утврдени незаконитости-------------------------4.585 или 23%
без утврдени незаконитости-------------------- 15.392 или 77%

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ - *во денари*

**утврдени неправилности во 2007**---------------------------------------------3.696.876.273
**утврдени неправилности во 2006**---------------------------------------------2.910.849.570
*[зголемување 2007/06 за 27%]*

**наплатени даноци откриени со инспекциски надзор во 2007**-------- 585.400.731
**наплатени даноци откриени со инспекциски надзор во 2006**-------- 436.042.721
*[зголемување 2007/06 за 34%]*

**наоди кои ја зголемуваат реализацијата на даноците 2007**--------- 1.063.774.456
**наоди кои ја зголемуваат реализацијата на даноците 2006**----------- 640.806.167
*[зголемување 2007/06 за 66%]*

Во функција на активностите за намалување на сивата економија целата 2007 година беше обележана со бројни контроли на воведување и примена на фискалните системи на опрема за регистрација на готовинските плаќања - фискализација.

| **ИЗВРШЕНИ КОНТРОЛИ – фискални апарати** | |
|---|---|
| **Извршени контроли кај даночни обврзници** | **6.903** |
| Користат фискален апарат | 5722 |
| Не користат фискален апарат | 765 |
| Не поседуваат фискален апарат | 401 |
| Поднеле барање за фискализација | 15 |
| **ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ** | |
| Покани за мандатни казни-правни лица | 879 |
| Покани за мандатни казни-физички лица | 154 |
| Покани за мандатни казни-одговорни лица | 882 |
| Поднесени прекршочни пријави | 839 |
| Затворени деловни објекти | 1.026 |

Надворешната контрола ги користи и постапува по информациите добиени преку бесплатната телефонска линија 198 која можат да ја користат сите граѓани од Републиката за пријавување на неправилности и незаконитости во работењето на даночните обврзници и за непрофесионално и коруптивно однесување на даночните службеници. Оваа линија УЈП ја користи за:

### *ОТВОРЕНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА 198*

- ***спречување на коруптивно однесување на вработените***
- ***спречување на непрофесионалното однесување на вработените***
- ***зголемување на степенот на фискализацијата***
- ***зголемување на бројот на регистрирани даночни обврзници***
- ***отстранување на други девијантни појави***

Согласно спроведената Анкета за истражување на степенот на задоволство на даночните обврзници од работата на УЈП, по прашањето за функцинирањето на линијата 198, испитаниците ја сметаат за:

- ***многу ефикасна*** *------------------------ 24%*
- ***донекаде ефикасна*** *-------------------- 49%*
- ***воопшто не е ефикасна*** *-------------12%*

# ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Управата за јавни приходи постапува по службена должност по поднесени приговори од даночни обврзници. Приговор може да се поднесе против даночен управен акт, по решенија за утврдување на данок и по решенија за редовна и присилна наплата. Правните експерти во УЈП против несовесните даночни обврзници поднесуваат барања за поведување на прекршочна постапка и кривични пријави и вршат други правни работи како што се, застапување на УЈП пред судовите и учество во стечајните и управно-сметководствените спорови.

***Правните работи ги извршуваат 38 лица, од кои работите на постапување по приговори ги извршуваат 15 лица***

Во 2007 година, УЈП постапила по поднесените приговори од страна на даночните обврзници на следниот начин:

**ПРИГОВОРИ**

**Поднесени приговори против даночни управни акти** -----------------------------3.112

Поднесени приговори од:

- правни лица ------------------------------------------------------------------------------1.554
- самостојни вршители на дејност поднеле---------------------------------------- 445
- физички лица --------------------------------------------------------------------------1.113

**СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ НА УЈП**

**Донесени решенија по приговори**----------------------------------------------------------2.809

отфрлање на приговорот како не допуштен --------------------------------------- 332

делумно прифатен приговор ---------------------------------------------------------------126

прифатен приговор------------------------------------------------------------------------722

одбиен приговор како неоснован ----------------------------------------------------1.629

**ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ**

**Барања за поведување на прекршочна постапка**--------------------------------11.045

**Кривични пријави**---------------------------------------------------------------------------152

# БОГАТСТВОТО НА ДРЖАВАТА СЕ ГРАДИ ОД ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ

*Даночните приходи во нашата држава се најзначајниот инструмент за финансирање на функциите на државата. Собраните средства во Буџетот се користат во областите на социјалната заштита, вработувањето, образованието, културата, здравството, за инвестиции во спортот, за обезбедување средства за пензии, за субвенции во земјоделството, за вработување на самохрани мајки и деца без родители, за реализација на инфраструктурни проекти...*

**Твој данок, твоја иднина!**

Буџетот на Република Македонија за 2007 година е проектиран во висина од 79.522.497.000 денари. Во текот на годината извршени се два ребаланси. Првиот, на почетокот на месец август 2007 година, со кој вкупните приходи беа проектирани во висина од 91.540.812.000 денари и вториот, на почетокот на октомври 2007 година, со кој вкупните приходи беа проектирани во висина од 94.392.812.000 денари. Со вториот ребаланс износот на планираните приходи е зголемен за 18,7% во однос на првопредвидениот. Претпоставките за соодветно корегирање на приходите и расходите, како за првиот, така и за вториот ребаланс, се темелеа на зголемена реализација кај скоро сите видови приходи.

Со ребалансите на Буџетот се корегираше и вкупниот износ на даночните приходи. Од првично планираните 53.512.000.000 денари, со првиот ребаланс износот на даночните приходи се зголеми на 56.641.000.000 денари, а потоа, со вториот ребаланс на 58.408.000.000 денари, односно за 9,2%. Износите на приходи на секој вид данок се зголемувани различно, соодветно на предвидувањата за нивно остварување. Ова услови промена и на поединечното учество во вкупните приходи. Согласно реалните движења, со ребалансите се изврши зголемување на учеството на персоналниот данок на доход и особено на данокот на добивка, како и намалување на учеството на данокот на додадена вредност и на акцизите.

Трендот на зголемување на планираните и остварените даночни приходи е присутен во сите претходни години. Износите на планираните приходи во секоја одделна година во однос на претходната, во периодот 2003-2007 година, се повисоки и тоа од 43.986 милиони денари во 2003 година, достигнаа ниво од 58.408 милиони денари во 2007 година. Притоа, интензитетот на пораст во секоја одделна година, во однос на претходната година е различен и тој интензитет е највисок во 2007 година, кога во однос на 2006 година се планира пораст на приходите 14.4%. Износот на вкупно остварените даночни приходи во Буџетот на Република Македонија во 2007 година изнесува 60.333 милиони денари и тоа е најголем износ на даночни приходи што досега е евидентиран.

**ПРИХОДИТЕ од даноци во 2007 се за:**

- *3,3% повисоки од планираните (II ребаланс)*
- *16,3% повисоки од остварените во 2006*

**ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**




*Во структурата на даноците како и во изминатите години најзначаен е придонесот на даноците на потрошувачката – данокот на додадена вредност и акцизите*

**СТРУКТУРА НА НАПЛАТЕНИ ДАНОЦИ**

- *данок на додадена вредност --------- 54,63%*
- *акцизи ------------------------------------------ 20,56%*
- *персонален данок на доход ------------- 14,74%*
- *данок на добивка ----------------------------- 9,77%*

Основната мисија на УЈП, да го поддржува и зајакнува доброволното пријавување и плаќање на даноците од страна на даночните обврзници без интервенции на УЈП, е во голема мера исполнето во 2007 година, што се гледа од структурата на начинот на наплата на вкупните даноци. Ваквите остварувања се резултат на новите стратегии за наплата на даноците, активностите произлезени од стратегијата за услуги на даночните обврзници и зголемената транспарентност и јавност на работењето на УЈП.

## СТРУКТУРА НА НАПЛАТА

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно наплатени нето даночни приходи** | 60,333,226,454 | 100,00% |
| • Доброволно плаќање | 53,307,895,506 | 88,36% |
| • Приход од инспекциски надзор 75% | 439,556,977 | 0,73% |
| • Наплата на ПДД по решенија на УЈП | 1,151,313,655 | 1,91% |
| • Наплата со пребивање и пренасочување | 611,312,783 | 1,01% |
| • Наплата со Цесии | 192,592,585 | 0,32% |
| • Репрограм-одложено плаќање | 549,603,066 | 0,91% |
| • Времен отпис на данок | 1,455,583,744 | 2,41% |
| • Наплата по опомени | 1,088,807,000 | 1,80% |
| • Присилна наплата | 1,476,913,000 | 2,45% |
| • Посебни постапки | 59,648,138 | 0,10% |
| • Приход од инспекциски надзор 25%за УЈП | 146,519,403 | |
| • Доброволно плаќање за други корисници | 857,092,980 | |
| **Вкупно наплатени бруто даночни приходи** | 61,336,838,837 | |

## УЧЕСТВО НА РЕГИОНАЛНИТЕ ДИРЕКЦИИ ВО ПРИХОДИТЕ ОД ДАНОЦИ




Во висината на остварените даночни приходи, партиципирањето на поделните регионални дирекции е нееднакво, што е поврзано со вкупната економска моќ на регионите и концентрацијата на големите даночни обврзници со највисок даночен потенцијал во Дирекцијата за големи даночни обврзници ДГДО.

***Трендот на пораст на наплатата на даноците во 2007 година во однос на наплатата во 2006 година и планот за нивно остварување во 2007 се однесува на сите видови даноци.***

**ДД** - Данок на добивка

**ПДД** - Персонален данок на доход

**ДДВ** - Данок на додадена вредност

**Акцизи** - Акцизи




# ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД (ПДД)

Персоналниот данок во 2007 е наплатен во вкупен износ од 8.890.911.001 денари и истиот е повисок за 6,86% од планираниот износ од 8.320.000.000 денари, додека во однос на остварениот данок во 2006 година од 8.413.823.850 денари, е повисок за 5,67%.




Во текот на годината заради големата динамика на остварување на приходите направени се два ребаланса кои следат по првото планирање за годината. Остварените годишни приходи од персоналниот данок ги надминуваат сите планирани износи.




Приходите од персонален данок ја имаат следната глобална структура на оданочените доходи:

## УЧЕСТВО НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ ВИДОВИ ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК ВО ВКУПНО ОСТВАРЕНИОТ ПДД

- плати и други лични примања ---------------------------------------------------------- 75,86%
- приходи од самостојно остварување дејност ------------------------------------- 0,95%
- различни видови приходи од капитал ---------------------------------------------14,68%
- приходи од имот и имотни права, авторски и права на индустриска сопственост и игри на среќа ------------------------------------------------------------ 4,61%
- доплати по годишни решенија-------------------------------------------------------- 2,87%
- неоданочени приходи --------------------------------------------------------------------- 0,43%
- камата--------------------------------------------------------------------------------------- 0,59%

Со воведување на рамниот данок од 10% (преодно решение за 2007 година 12%) и укинување на прогресивното оданочување, остварени се очекувањата за пад на приходот од оданочувањето на платите и другите лични примања во вкупниот приход од ПДД. Таа загуба се компензира со зголемувањето на приносите од данокот кој се наплатува на приходи од капитал, капитални добивки, пренос на акции и удели во компании без надоместок, приходи од изнајмување на имот и имотни права и од откриени неоданочени приходи. Сето тоа доведе до вкупен пораст на приходот од ПДД.



# ДАНОК НА ДОБИВКА (ДД)

Во 2007 година наплатен е данок на добивка во вкупен износ од 5.896.448.147,00 денари и истиот е повисок за 3,07% од планираниот износ од 5.721.000.000,00 денари и за 25,19% од остварениот износ во 2006 година од 4.709.824.969,00 денари. Порастот на наплатениот данок на добивка се должи на подобрените економски перформанси во земјата и ефектите предизвикани од законските промени.




Во текот на годината заради големата динамика на остварување на приходите направени се два ребаланса кои следат по првото планирање за годината. Остварените годишни приходи од данок на добивка ги надминуваат сите планирани износи.




Приходите од данокот на добивка ја имаат следната структура:

**НАПЛАТЕН ДАНОК НА ДОБИВКА-----------------------------5.896.448.147----------100%**

- месечните аконтации на ДД -------------------------------- 3.813.875.657------ 64,68%
- доплата по Даночниот биланс за 2006 година ---------1.499.281.651------ 25,43%
- задржан данок на странски правни лица --------------- 537.676.573 ------- 9,12%
- камати ------------------------------------------------------------------ 45.614.267-------- 0,77%

# ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ (ДДВ)

Во 2007 година наплатен е данок на додадена вредност (ДДВ) и данок на промет на производи и услуги (ДППУ) во вкупен износ од 32.962.052.789,00 денари и тоа од ДДВ, 32.949.156.982,00 денари и од ДППУ, 12.895.808,00 денари. Наплатениот данок во однос на планираниот износ од 31.841.000.000,00 денари е повисок за 3,48%, а во однос со остварениот во 2006 година од 27.240.309.492,00 денари, е повисок за 20,96%.




Во текот на годината заради големата динамика на остварување на приходите направени се два ребаланса кои следат по првото планирање за годината. Остварените годишни приходи од данок на додадена вредност ги надминуваат сите планирани износи.




Структурата на ДДВ од која е остварен вкупниот даночен приход е:

| **СТРУКТУРА НА ДДВ** | **ПОВРАТ НА ДДВ 17.376.024.006 НАЈВИСОК ОД 2000 год** |
|---|---|
| **ВКУПНО ОСТВАРЕН ДДВ** --------------- 32.949.156.982<br>ДДВ остварен од увоз ---------------------- 34.453.793.230<br>ДДВ остварен од промет во земјата ----15.356.660.218<br>ДДВ остварен од донации --------------------197.216.252<br>Поврат на ДДВ --------------------------------17.376.024.006<br>Камата ---------------------------------------------317.511.288 | • 53% од ДДВ приход<br>• 44% повисок од 2006<br>• 1.448.000.000 денари просечен месечен износ на поврат |

Во 2007 регистриран е пораст на сите параметри кои се од големо значење за висината на ДДВ.

**ПРОМЕТ, ВЛЕЗЕН ПРОМЕТ И ПРЕСМЕТАН ДДВ /во милиони денари/**

| | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|
| • Оданочив промет | 433.359 | 480.601 | 558.833 |
| • Вкупниот промет | 556.327 | 633.006 | 753.005 |
| • Увоз и влезен промет во земјата | 408.116 | 471.076 | 574.170 |
| • Пресметан ДДВ на прометот | 67.787 | 75.731 | 86.761 |

Сите параметри покажуваат тенденција на сразмерен пораст на повисоко ниво.




# АКЦИЗИ

Во 2007 година наплатени се акцизи во вкупен износ од 12.583.801.655,00 денари и истиот, во однос на планираниот од 12.526.000.000,00 денари, е повисок за 0,46%, а во однос на остварениот во 2006 година од 11.511.412.124,00 денари, е повисок за 9,32%.



Во текот на годината заради големата динамика на остварување на приходите направени се два ребаланса кои следат по првото планирање за годината. Остварените годишни приходи од акцизите ги надминуваат сите планирани износи.




Остварувањата на акцизите не се со еднаков ефект кај сите видови акцизни добра и тоа, во однос кон планираните износи и во однос кон остварените износи во 2006 година.




► По основ на акцизи на прометот на *минералните масла,* остварен е приход од 6.908.767.795,00 денари, што во споредба со планот за 2007 година од 7.139.000.000,00 денари претставува намалување за 3,22%, а во споредба со остварениот приход во 2006 година од 6.680.670.617,00 денари, зголемување за 3,41%.

► По основ на акцизи на прометот на *тутунски добра* остварен е приход од 4.003.124.789,00 денари, што споредено со предвидениот за 2007 година од 3.759.000.000,00 денари и со остварениот во 2006 година од 3.397.838.759,00 денари, претставува пораст за 6,49%, односно за 17,81%.

► По основ на акцизи на прометот на *алкохолни пијалоци* остварен е приход од 1.091.336.716,00 денари, што, во однос на планираните приходи за 2007 година од 1.002.000.000,00 денари претставува зголемување за 8,88% и истовремено, во однос на остварените приходи во 2006 година од 1.007.763.819,00 денари, зголемување за 8,23%.

► По основ на акцизи на прометот на *патничките автомобили* остварен е приход од 580.572.354,50 денари што, во однос на планираните приходи за 2007 година од 626.000.000,00 денари претставува намалување за 7,19%, а во однос на остварените приходи во 2006 година од 425.138.931,00 денар, претставува зголемување за 36,71%

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ

***Еден од клучните елементи на ефективна даночната администрација е добро дизајниран систем за мерење на резултатите од нејзиното работење.***



Како дел од програмата за модернизација и настојувањата да го подобри своето работење, Управата за јавни приходи воспостави конкретни стандарди за работата на суштинските даночни функции. Тие имаат за цел да ја зајакнат ефикасноста, ефективноста и отчетноста на организацијата во однос на учинокот и да ги зајакнат нејзините системи за управување со резултатите. Поврзувањето на стратегиските цели со оперативните процеси на УЈП ќе има свои придобивки во однос на обезбедувањето информации за менаџерскиот тим на УЈП кои ќе му помогнат во креирањето на политиките и раководењето на функциите.

Искуството покажало дека областите кои ги мери даночната администрација се оние области каде потоа се подобруваат нејзините резултати. За да се подобрат резултатите од работењето, најнапред, треба да се овозможи тие да се измерат, односно да се воспостават стандарди за квантитет и квалитет за секоја функционална област кои треба да се применуваат еднакво во целата УЈП и на нив да се спротивставаат извршувањата.

Од тие причини, во 2007 година се воспоставени пакет мерки кои се значајно проширени за 2008 и кои имаат за цел да ја подобрат работата на основните даночни функции на УЈП: мерењата на бројот се дополнуваат со мерење на навременоста и на точноста; мерењето на даночните приходи се дополнува со мерењето на долгот; мерењата за висината на новоутврдените даноци во постапка на надворешна контрола, со нивна наплата; мерењето на висината на долгот со неговата старост... Мерењата на исполнување на стандардите во 2007 година е почеток на процесот и за него сеуште не е обезбедено соодветно софтверско решение, но преку мерењата треба да се овозможи понатамошно:

- Дефинирање на методи, процедури и системи потребни за собирање на податоци за секоја мерка
- Утврдување на критериумите и процедурите што ќе се користат за ревидирање на квалитетот во секоја функционална област
- Утврдување нови стандарди за работата на суштинските даночни функции
- Користење на мерките за учинок во системот за управување со резултатите
- Редовно објавување на извештај за резултатите на даночната администрација, достапен за јавноста

Пакетот на мерки за учинок ја оствари основната цел - подобрување на работата на основните даночни функции на УЈП. Ова пред се, преку обезбедување информации за менаџерскиот тим на УЈП за подобро и поуспешно креирање на политиките и раководењето на функциите.

# СТАТИСТИКА
# 2007

## *РЕГИСТРАЦИЈА НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ*

| Регионална дирекција/ДГДО | РЕГИСТРИРАНИ ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ ДО КРАЈОТ НА 2007 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2006 | нови 2007 | одјавени 2007 | 2007 |
| РД Скопје | 47,901 | 4,546 | 1,654 | 50,793 |
| РД Битола | 16,026 | 1,877 | 652 | 17,251 |
| РД Прилеп | 11,721 | 1,751 | 551 | 12,921 |
| РД Струмица | 9,837 | 1,407 | 810 | 10,434 |
| РД Тетово | 14,792 | 1,627 | 644 | 15,775 |
| РД Штип | 17,259 | 2,205 | 1,167 | 18,297 |
| ДГДО | 131 | 0 | 0 | 133 |
| **Вкупно** | **117,667** | **13,413** | **5,478** | **125,604** |

| Регионална дирекција/ДГДО | РЕГИСТРИРАНИ ПРАВНИ ЛИЦА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2006 | нови 2007 | одјавени 2007 | 2007 |
| РД Скопје | 41,249 | 4,192 | 1,335 | 44,106 |
| РД Битола | 14,182 | 1,691 | 514 | 15,359 |
| РД Прилеп | 9,605 | 1,201 | 366 | 10,440 |
| РД Струмица | 8,479 | 1,150 | 628 | 9,001 |
| РД Тетово | 10,340 | 1,240 | 278 | 11,302 |
| РД Штип | 14,314 | 1,507 | 858 | 14,963 |
| ДГДО | 131 | | | 133 |
| **Вкупно** | **98,300** | **10,981** | **3,979** | **105,304** |

| Регионална дирекција/ДГДО | РЕГИСТРИРАНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2006 | нови 2007 | одјавени 2007 | 2007 |
| РД Скопје | 6,652 | 354 | 319 | 6,687 |
| РД Битола | 1,844 | 186 | 138 | 1,892 |
| РД Прилеп | 2,116 | 550 | 185 | 2,481 |
| РД Струмица | 1,358 | 257 | 182 | 1,433 |
| РД Тетово | 4,452 | 387 | 366 | 4,473 |
| РД Штип | 2,945 | 698 | 309 | 3,334 |
| **Вкупно** | **19,367** | **2,432** | **1,499** | **20,300** |

| Регионална дирекција/ДГДО | РЕГИСТРИРАНИ ДДВ ОБВРЗНИЦИ ДО КРАЈОТ НА 2007 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2006 | нови 2007 | одјавени 2007 | 2007 |
| РД Скопје | 13,783 | 1,843 | 1,350 | 14,276 |
| РД Битола | 4,570 | 675 | 479 | 4,766 |
| РД Прилеп | 3,519 | 514 | 347 | 3,686 |
| РД Струмица | 2,747 | 424 | 256 | 2,915 |
| РД Тетово | 2,642 | 393 | 118 | 2,917 |
| РД Штип | 4,026 | 581 | 292 | 4,315 |
| ДГДО | 118 | 3 | 1 | 120 |
| **Вкупно** | **31,405** | **4,433** | **2,843** | **32,995** |

РЕГИСТРИРАНИ ФИСКАЛНИ АПАРАТИ ДО КРАЈОТ НА 2007

| Регионална дирекција/ДГДО | Број на фискални апарати 2002-2006 | Број на фискални апарати 2002-2007 | Број на фискализирани даночни обврзници |
|---|---|---|---|
| РД Скопје | 17,759 | 22,500 | 17,471 |
| РД Битола | 8,086 | 10,170 | 8,128 |
| РД Прилеп | 5,668 | 7,492 | 6,073 |
| РД Струмица | 4,457 | 6,117 | 4,987 |
| РД Тетово | 5,558 | 7,264 | 6,270 |
| РД Штип | 7,179 | 9,789 | 8,075 |
| ДГДО | | 1,758 | 117 |
| **Вкупно** | **48,707** | **65,090** | **51,121** |

## *УСЛУГИ НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ*
### *- Едукација, информација и помош*

| Услуги на даночни обврзници | Скопје | Битола | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | ДГДО | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| телефонски контакти | 5,270 | 7,388 | 1,635 | 5,347 | 3,967 | 6,560 | 2,930 | 33,097 |
| пишани мислења | 8 | 185 | 30 | 101 | 326 | 9 | 215 | 874 |
| комуникација лице в лице | 4,661 | 5,570 | 1,030 | 5,350 | 2,225 | 1,410 | 89 | 20,335 |

## Број на инспектори и планирани контроли во 2007 година

| РД | Број на инспек. | ДДВ | ПДД | Добивка | Акцизи | Фискални апарати | Други контроли | Вкупно | Контроли по инспек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 52 | 2,038 | 390 | 304 | 3 | 1,179 | 129 | 4,043 | 78 |
| Битола | 39 | 1,525 | 504 | 309 | 39 | 1,618 | 149 | 4,144 | 106 |
| Прилеп | 38 | 1,312 | 738 | 347 | 57 | 924 | 57 | 3,435 | 90 |
| Струмица | 30 | 1,476 | 437 | 182 | 18 | 1,197 | 56 | 3,366 | 112 |
| Тетово | 26 | 909 | 273 | 240 | 0 | 779 | 99 | 2,300 | 88 |
| Штип | 39 | 1,289 | 627 | 148 | 24 | 2,476 | 78 | 4,642 | 119 |
| Вкупно | 224 | 8,549 | 2,969 | 1,530 | 141 | 8,173 | 568 | 21,930 | 98 |
| | | | | | | | | | |
| **ДГДО** | **8** | **54** | **24** | **23** | **11** | **11** | **49** | **172** | **22** |
| | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **232** | **8,603** | **2,993** | **1,553** | **152** | **8,184** | **617** | **22,102** | **95** |

| РД | Неправил-ности | Број на извршени контроли со и без утврдени неправилности во 2007 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ДДВ | ПДД | ДД | Акцизи | Други | Вкупно |
| СКОПЈЕ | БЕЗ | 824 | 84 | 159 | 7 | 826 | 1,900 |
| | СО | 468 | 122 | 106 | 3 | 214 | 913 |
| | Вкупно | 1,292 | 206 | 265 | 10 | 1,040 | 2,813 |
| БИТОЛА | БЕЗ | 892 | 438 | 124 | 5 | 1,860 | 3,319 |
| | СО | 405 | 107 | 149 | 1 | 282 | 944 |
| | Вкупно | 1,297 | 545 | 273 | 6 | 2,142 | 4,263 |
| ПРИЛЕП | БЕЗ | 747 | 338 | 147 | 20 | 1,401 | 2,653 |
| | СО | 302 | 144 | 93 | 1 | 27 | 567 |
| | Вкупно | 1,049 | 482 | 240 | 21 | 1,428 | 3,220 |
| СТРУМИЦА | БЕЗ | 1,100 | 328 | 110 | 21 | 1,241 | 2,800 |
| | СО | 410 | 82 | 100 | 0 | 164 | 756 |
| | Вкупно | 1,510 | 410 | 210 | 21 | 1,405 | 3,556 |
| ТЕТОВО | БЕЗ | 240 | 267 | 87 | 1 | 857 | 1,452 |
| | СО | 344 | 88 | 65 | 0 | 61 | 558 |
| | Вкупно | 584 | 355 | 152 | 1 | 918 | 2,010 |
| ШТИП | БЕЗ | 1,043 | 465 | 105 | 24 | 1,506 | 3,143 |
| | СО | 469 | 171 | 103 | 10 | 51 | 804 |
| | Вкупно | 1,512 | 636 | 208 | 34 | 1,557 | 3,947 |
| ДГДО | БЕЗ | 31 | 21 | 9 | 11 | 53 | 125 |
| | СО | 20 | 13 | 9 | 0 | 1 | 43 |
| | Вкупно | 51 | 34 | 18 | 11 | 54 | 168 |
| Вкупно | БЕЗ | 4,877 | 1,941 | 741 | 89 | 7,744 | 15,392 |
| | СО | 2,418 | 727 | 625 | 15 | 800 | 4,585 |
| | Вкупно | 7,295 | 2,668 | 1,366 | 104 | 8,544 | 19,977 |

| Утврдени неправилности на јавните приходи во постапка на надворешна контрола | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Видови даноци | Повеќе пријавени износи | Помалку пријавени износи | Пресметани камати | Вкупно (3+4) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ДДВ | -2,291,071 | 1,427,056,630 | 17,597,785 | 1,444,654,415 |
| ПДД | -13,928 | 565,861,849 | 230,036,783 | 795,898,632 |
| ДД | -180,395 | 811,143,550 | 99,665,323 | 910,808,873 |
| Акцизи | 0 | 266,210,269 | 206,092,556 | 472,302,825 |
| Други | | 130,435,155 | 1,634,392 | 132,069,547 |
| Вкупно | -2,485,394 | 3,142,631,497 | 554,244,776 | 3,696,876,273 |

| Утврдени неправилности по РД/ДГДО во 2007 година<br>*- во илјада денари* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Видови даноци | Скопје | Битола | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | ДГДО | Вкупно |
| ДДВ | 725,123 | 176,732 | 100,075 | 55,525 | 120,903 | 90,102 | 176,193 | 1,444,654 |
| ПДД | 252,453 | 105,834 | 196,962 | 60,874 | 42,581 | 61,916 | 75,279 | 795,899 |
| Добивка | 137,776 | 196,127 | 275,341 | 60,894 | 48,458 | 101,128 | 91,085 | 910,809 |
| Акцизи | 48 | 428,311 | 13,741 | 0 | 0 | 30,202 | 0 | 472,303 |
| Други | 48,434 | 10,111 | 7,537 | 1,509 | 7 | 1,794 | 3,820 | 73,212 |
| Вкупно | 1,163,834 | 917,115 | 593,655 | 178,802 | 211,950 | 285,143 | 346,378 | 3,696,876 |
| Индекс | 31.48 | 24.81 | 16.06 | 4.84 | 5.73 | 7.71 | 9.37 | 100.00 |

| Наоди на надворешна контрола кои ја зголемуваат реализацијата на даноците<br>*– во илјада денари* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Видови даноци | Скопје | Битола | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | ДГДО | Вкупно |
| ДДВ | 501,103 | 40,118 | 11,347 | 12,668 | 69,735 | 32,752 | 154,306 | 822,030 |
| ПДД | 41,912 | 5,767 | 3,399 | 5,595 | 3,977 | 7,795 | 29,117 | 97,562 |
| ДД | 58,224 | 14,564 | 5,819 | 7,596 | 1,905 | 9,760 | 39,473 | 137,341 |
| Акцизи | 48 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 52 |
| Други | 1,179 | 2,935 | 1,185 | 936 | 7 | 546 | 0 | 6,789 |
| Вкупно | 602,467 | 63,385 | 21,750 | 26,795 | 75,625 | 50,857 | 222,895 | 1,063,774 |
| Индекс | 56.63 | 5.96 | 2.04 | 2.52 | 7.11 | 4.78 | 20.95 | 100.00 |

## Користено време во постапка на надворешна контрола по РД/ДГДО во 2007 година

| РД | Број на инспектори | Број на извршени контроли | Број на работни часови / год. | работни часови x број на инспектори | Вкупно потрошено време | Просечно време по инспектор | Просечно потрошено време по контрола |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 52 | 2,813 | 1,488 | 77,376 | 84,376 | 1,623 | 30.00 |
| **Битола** | 39 | 4,263 | 1,488 | 58,032 | 57,543 | 1,475 | 13.50 |
| **Прилеп** | 38 | 3,220 | 1,488 | 56,544 | 51,077 | 1,344 | 15.86 |
| **Струмица** | 30 | 3,556 | 1,488 | 44,640 | 43,602 | 1,453 | 12.26 |
| **Тетово** | 26 | 2,010 | 1,488 | 38,688 | 40,431 | 1,555 | 20.11 |
| **Штип** | 39 | 3,947 | 1,488 | 58,032 | 46,637 | 1,196 | 11.82 |
| **ДГДО** | 8 | 168 | 1,488 | 11,904 | 19,850 | 2,481 | 118.15 |
| **Вкупно** | 232 | 19,977 | 1,488 | 345,216 | 343,516 | 1,481 | 17.20 |

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА УЈП

| РД | | Број на поднесени приговори | | | Решенија по приговор | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Допуштен приговор | Недопуштен приговор | Вкупно (3+4) | За отфрлен недопуштен приговор | Делумно прифатен приговор | Прифатен приговор | Одбиен како неоснован | Вкупно 6+7+8+9 |
| | | | | | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | Скопје | 980 | 258 | 1,238 | 258 | 28 | 399 | 516 | 1,201 |
| 2 | Битоа | 527 | 6 | 533 | 6 | 11 | 49 | 386 | 452 |
| 3 | Прилеп | 366 | 16 | 382 | 16 | 10 | 35 | 218 | 279 |
| 4 | Струмица | 266 | 6 | 272 | 14 | 47 | 122 | 86 | 269 |
| 5 | Тетово | 211 | 23 | 234 | 23 | 18 | 35 | 158 | 234 |
| 6 | Штип | 348 | 9 | 357 | 9 | 0 | 72 | 218 | 299 |
| 7 | ДГДО | 90 | 6 | 96 | 6 | 12 | 10 | 47 | 75 |
| ВКУПНО | | 2,788 | 324 | 3,112 | 332 | 126 | 722 | 1,629 | 2,809 |

## Барања за поведување на прекршочна постапка и кривични пријави

| Реден број | Дирекција | Прекршочни пријави | Кривични пријави |
|---|---|---|---|
| 1 | **Скопје** | 9,245 | 9 |
| 2 | **Битола** | 253 | 13 |
| 3 | **Прилеп** | 291 | 15 |
| 4 | **Струмица** | 783 | 10 |
| 5 | **Тетово** | 231 | 40 |
| 6 | **Штип** | 179 | 61 |
| 7 | **ДГДО** | 63 | 4 |
| | Вкупно | 11,045 | 152 |

## ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ДАНОЧНИ ПРИХОДИ ВО 2007 ГОДИНА

| Планирани даночни приходи во 2007 година на вкупно ниво | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *износи во денари/структура во %* | | | | | |
| Опис | Буџет План 2007 | Ребаланс 1 | Буџет План 2007 Ребаланс 2 | Структура по 2-иот Ребаланс | Структура по 2-иот Ребаланс |
| Вкупни приходи | 79,522,497,000 | 91,540,812,000 | 94,392,812,000 | | 100.00 |
| Даночни приходи (ДД, ПДД, ДДВ и А) | 53,512,000,000 | 56,641,000,000 | 58,408,000,000 | 100.00 | 61.88 |
| Даноци од доход - добивка и капитални добивки | 11,175,000,000 | 13,364,000,000 | 14,041,000,000 | 24.04 | 14.88 |
| Персонален данок на доход | 7,471,000,000 | 8,046,000,000 | 8,320,000,000 | 14.24 | 8.81 |
| Данок на добивка | 3,704,000,000 | 5,318,000,000 | 5,721,000,000 | 9.79 | 6.06 |
| Домашни даноци на стоки и услуги | 42,337,000,000 | 43,277,000,000 | 44,367,000,000 | 75.96 | 47.00 |
| ДДВ | 30,390,000,000 | 30,996,000,000 | 31,841,000,000 | 54.51 | 33.73 |
| Акцизи | 11,947,000,000 | 12,281,000,000 | 12,526,000,000 | 21.45 | 13.27 |
| Даноци на меѓународна трговија | 5,519,000,000 | 5,887,000,000 | 5,652,000,000 | | 5.99 |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1,800,000,000 | 2,000,000,000 | 2,000,000,000 | | 2.12 |
| Неданочени приходи | 12,119,497,000 | 19,498,812,000 | 20,818,812,000 | | 22.06 |
| Останати категории (од 73 до 78) | 6,572,000,000 | 7,514,000,000 | 7,514,000,000 | | 7.96 |

| Даноци | Ребаланс-Буџет план за 2007 | Остварено 01.01.-31.12.2007 | Остварено 01.01.-31.12.2006 | Инд. план_ост (4:2) | Инд. 07/'06 (4:5) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 | 6 | 8 |
| **Данок на добивка** | 5,721,000,000 | 5,896,448,147 | 4,709,824,969 | 103.07 | 125.19 |
| **Персонален данок на доход** | 8,320,000,000 | 8,890,911,002 | 8,413,823,850 | 106.86 | 105.67 |
| **ДДВ** | 31,841,000,000 | 32,962,052,789 | 27,240,309,493 | 103.52 | 121.00 |
| **Акцизи** | 12,526,000,000 | 12,583,801,655 | 11,511,412,124 | 100.46 | 109.32 |
| **ДФТ** | 0 | 12,862 | 247,010 | | 5.21 |
| **Вкупно** | 58,408,000,000 | 60,333,226,455 | 51,875,617,446 | 103.30 | 116.30 |

## ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПО РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ

**Остварени даночни приходи 2007/видови на даноци/регионални дирекции**

*износи во милиони денари*

| РД | Вкупно | Структура | Персонален данок на доход | Данок на добивка | ДДВ и ДППУ | Акцизи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 20,220 | 33.5% | 4,117 | 1,586 | 13,119 | 1,398 |
| **Битола** | 2,006 | 3.3% | 782 | 182 | 1,022 | 20 |
| **Прилеп** | 1,186 | 2.0% | 462 | 136 | 593 | -5 |
| **Струмица** | 335 | 0.6% | 365 | 177 | -231 | 24 |
| **Тетово** | 1,592 | 2.6% | 427 | 106 | 1,055 | 4 |
| **Штип** | 2,610 | 4.3% | 596 | 254 | 1,681 | 79 |
| **ДГДО** | 32,384 | 53.7% | 2,142 | 3,455 | 15,723 | 11,064 |
| **Вкупно** | 60,333 | 100.0% | 8,891 | 5,896 | 32,962 | 12,584 |

## ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД (ПДД)

**Остварени приходи од ПДД по месеци во периодот 2003 - 2007 - *во милиони денари***

| Период | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2003 | 487 | 590 | 601 | 686 | 570 | 635 | 661 | 555 | 609 | 645 | 591 | 872 | 7,502 |
| 2004 | 505 | 576 | 657 | 715 | 581 | 627 | 714 | 574 | 644 | 603 | 614 | 899 | 7,709 |
| 2005 | 527 | 648 | 660 | 762 | 586 | 704 | 690 | 605 | 656 | 642 | 667 | 952 | 8,099 |
| 2006 | 511 | 662 | 760 | 703 | 665 | 729 | 666 | 676 | 684 | 693 | 683 | 981 | 8,413 |
| 2007 | 623 | 589 | 631 | 665 | 655 | 686 | 760 | 699 | 761 | 747 | 966 | 1,109 | 8,891 |
| План 2007 | 623 | 589 | 631 | 665 | 655 | 686 | 760 | 699 | 761 | 710 | 719 | 822 | 8,320 |

## ДАНОК НА ДОБИВКА (ДД)

**Остварени приходи од ДД по месеци во периодот 2003 - 2007 - *во милиони денари***

| Период | Јан. | Фев. | Март. | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2003 | 189 | 388 | 609 | 192 | 191 | 239 | 346 | 213 | 236 | 240 | 200 | 227 | 3,270 |
| 2004 | 140 | 300 | 518 | 178 | 152 | 175 | 195 | 175 | 152 | 146 | 129 | 100 | 2,362 |
| 2005 | 145 | 302 | 633 | 220 | 196 | 183 | 272 | 162 | 189 | 166 | 147 | 221 | 2,836 |
| 2006 | 180 | 383 | 1,162 | 312 | 244 | 359 | 314 | 346 | 290 | 442 | 282 | 396 | 4,710 |
| 2007 | 252 | 397 | 1,385 | 407 | 405 | 425 | 424 | 403 | 451 | 430 | 449 | 468 | 5,896 |
| План 2007 | 252 | 397 | 1,385 | 407 | 405 | 425 | 424 | 403 | 451 | 436 | 323 | 413 | 5,721 |

**Остварени приходи од ДДВ по месеци во периодот 2003 - 2007 - *во милиони денари***

| Период | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2003 | 1,785 | 1,331 | 1,753 | 2,071 | 1,626 | 1,855 | 2,173 | 1,169 | 1,729 | 2,342 | 1,772 | 1,570 | 21,176 |
| 2004 | 2,161 | 1,926 | 2,016 | 2,401 | 2,231 | 1,846 | 2,004 | 1,892 | 2,129 | 2,377 | 2,180 | 2,594 | 25,757 |
| 2005 | 2,460 | 1,320 | 1,965 | 2,779 | 1,968 | 2,020 | 2,468 | 1,868 | 2,316 | 2,913 | 2,689 | 2,315 | 27,081 |
| 2006 | 1,760 | 1,284 | 2,185 | 2,812 | 2,555 | 1,975 | 2,931 | 2,009 | 2,215 | 2,145 | 2,305 | 3,065 | 27,241 |
| 2007 | 2,940 | 1,756 | 2,410 | 3,116 | 2,510 | 2,524 | 3,381 | 2,866 | 2,721 | 4,392 | 2,549 | 1,797 | 32,962 |
| План 2007 | 2,940 | 1,756 | 2,410 | 3,116 | 2,510 | 2,524 | 3,381 | 2,866 | 2,721 | 2,511 | 2,476 | 2,630 | 31,841 |

**Наплатени приходи од ДДВ во 2007 година - во денари**

| Месец | ДДВ при увоз | ДДВ промет во земјата | ДДВ донации | Камата | Поврат на ДДВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 | 2,327,483,350 | 1,812,257,905 | 41,690,963 | 45,593,436 | -1,287,652,241 | 2,939,373,414 |
| 02 | 2,349,392,637 | 948,867,174 | 11,802,153 | 19,662,219 | -1,571,613,264 | 1,758,110,919 |
| 03 | 2,386,094,056 | 908,899,202 | 22,691,943 | 31,216,012 | -945,999,618 | 2,402,901,595 |
| 04 | 2,749,483,389 | 1,539,809,502 | 8,054,720 | 24,681,915 | -1,202,330,789 | 3,119,698,736 |
| 05 | 2,790,188,449 | 1,125,499,570 | 14,987,243 | 15,186,797 | -1,435,387,072 | 2,510,474,987 |
| 06 | 2,489,458,757 | 1,381,675,733 | 4,217,786 | 16,983,621 | -1,368,898,305 | 2,523,437,592 |
| 07 | 2,846,318,703 | 1,630,374,470 | 22,163,362 | 39,977,698 | -1,159,494,952 | 3,379,339,279 |
| 08 | 2,956,408,066 | 1,162,248,618 | 4,087,238 | 7,676,571 | -1,264,033,457 | 2,866,387,035 |
| 09 | 2,823,587,023 | 1,205,212,248 | 13,345,739 | 22,208,785 | -1,341,410,114 | 2,722,943,681 |
| 10 | 3,721,967,253 | 1,573,145,420 | 12,722,774 | 21,711,096 | -948,401,974 | 4,381,144,569 |
| 11 | 3,606,495,896 | 1,024,329,584 | 14,125,859 | 32,771,837 | -2,128,983,082 | 2,548,740,094 |
| 12 | 3,406,915,653 | 1,044,340,795 | 27,326,474 | 39,841,302 | -2,721,819,140 | 1,796,605,084 |
| Вкупно | 34,453,793,230 | 15,356,660,218 | 197,216,252 | 317,511,288 | -17,376,024,006 | 32,949,156,982 |

## Вратен ДДВ на посебни субјекти по месеци во 2007 година - во денари

| Месец | Амбасади | Меѓународни организации | Странски даночни обврзници | Непрофитни организации | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 01 | 10,383,349 | 2,251,658 | 0 | 0 | 12,635,007 |
| 02 | 23,441,152 | 3,278,665 | 0 | 0 | 26,719,817 |
| 03 | 11,022,269 | 3,232,096 | 221,451 | 0 | 14,475,816 |
| 04 | 15,099,150 | 2,487,094 | 0 | 0 | 17,586,244 |
| 05 | 7,128,065 | 2,879,602 | 0 | 0 | 10,007,667 |
| 06 | 38,652,250 | 3,554,584 | 111,410 | 35,586 | 42,353,830 |
| 07 | 22,063,175 | 2,734,013 | 260,857 | 0 | 25,058,045 |
| 08 | 33,511,991 | 5,247,572 | 0 | 0 | 38,759,563 |
| 09 | 9,584,140 | 5,396,883 | 472,394 | 0 | 15,453,417 |
| 10 | 16,534,563 | 5,960,323 | 2,839,922 | 0 | 25,334,808 |
| 11 | 20,474,035 | 4,898,193 | 445,984 | 0 | 25,818,212 |
| 12 | 17,563,546 | 4,048,653 | 0 | 0 | 21,612,199 |
| Вкупно | 225,457,685 | 45,969,336 | 4,352,018 | 35,586 | 275,814,625 |

## *АКЦИЗИ*

### Остварени приходи од акцизи по месеци во периодот 2003 - 2007 - *во милиони денари*

| Период | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2003 | 916 | 729 | 685 | 815 | 870 | 903 | 910 | 1,035 | 1,017 | 881 | 944 | 860 | 10,565 |
| 2004 | 885 | 634 | 830 | 718 | 922 | 817 | 926 | 1,104 | 944 | 926 | 888 | 742 | 10,336 |
| 2005 | 1,044 | 605 | 668 | 843 | 1,010 | 924 | 1,022 | 1,105 | 1,066 | 921 | 936 | 947 | 11,091 |
| 2006 | 1,132 | 609 | 656 | 818 | 910 | 955 | 1,081 | 1,114 | 995 | 1,009 | 1,149 | 1,083 | 11,511 |
| 2007 | 1,039 | 741 | 854 | 949 | 997 | 1,121 | 1,276 | 1,227 | 1,092 | 1,129 | 1,173 | 986 | 12,584 |
| План 2007 | 1,039 | 741 | 854 | 949 | 997 | 1,121 | 1,276 | 1,227 | 1,092 | 1,072 | 1,116 | 1,042 | 12,526 |

### Приходи од акцизи на минерални масла во периодот 2003 - 2007- *во милиони денари*

| Период | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2003 | 608 | 463 | 441 | 521 | 539 | 546 | 550 | 714 | 637 | 569 | 637 | 552 | 6,777 |
| 2004 | 599 | 428 | 499 | 503 | 603 | 504 | 562 | 742 | 586 | 580 | 560 | 483 | 6,649 |
| 2005 | 594 | 465 | 398 | 508 | 581 | 528 | 615 | 659 | 658 | 546 | 542 | 535 | 6,629 |
| 2006 | 591 | 448 | 424 | 504 | 561 | 517 | 577 | 655 | 622 | 536 | 631 | 615 | 6,681 |
| 2007 | 524 | 450 | 501 | 537 | 527 | 621 | 599 | 712 | 649 | 609 | 626 | 554 | 6,909 |
| План 2007 | 524 | 450 | 501 | 537 | 527 | 621 | 599 | 712 | 649 | 669 | 692 | 658 | 7,139 |

## Приходи од акцизи на тутунски добра во периодот 2003 - 2007 - *во милиони денари*

| Период | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | |
| 2003 | 186 | 185 | 158 | 189 | 198 | 221 | 224 | 173 | 224 | 195 | 220 | 222 | 2,395 |
| 2004 | 203 | 161 | 275 | 119 | 196 | 206 | 249 | 230 | 236 | 254 | 245 | 192 | 2,566 |
| 2005 | 353 | 74 | 201 | 229 | 287 | 265 | 266 | 278 | 269 | 262 | 293 | 315 | 3,092 |
| 2006 | 428 | 96 | 141 | 214 | 211 | 300 | 356 | 292 | 232 | 349 | 415 | 364 | 3,398 |
| 2007 | 377 | 203 | 263 | 284 | 313 | 359 | 501 | 334 | 299 | 388 | 383 | 299 | 4,003 |
| План 2007 | 376 | 203 | 263 | 284 | 313 | 359 | 501 | 334 | 299 | 265 | 294 | 268 | 3,759 |

## Приходи од акцизи на алкохолни пијалоци и пиво во 2003 - 2007 - *во милиони денари*

| Период | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | |
| 2003 | 80 | 49 | 54 | 67 | 102 | 109 | 107 | 125 | 130 | 92 | 70 | 69 | 1,054 |
| 2004 | 83 | 45 | 55 | 74 | 123 | 107 | 115 | 131 | 121 | 93 | 83 | 67 | 1,097 |
| 2005 | 89 | 49 | 46 | 76 | 112 | 96 | 65 | 68 | 71 | 71 | 70 | 75 | 888 |
| 2006 | 93 | 38 | 45 | 67 | 97 | 91 | 108 | 128 | 112 | 88 | 69 | 72 | 1,008 |
| 2007 | 86 | 48 | 54 | 78 | 109 | 95 | 121 | 143 | 109 | 83 | 84 | 81 | 1,091 |
| План 2007 | 86 | 48 | 54 | 78 | 109 | 95 | 121 | 143 | 109 | 64 | 48 | 47 | 1,002 |

## Приходи од акцизи на патнички автомобили и други основи во 2003 - 2007 - *во милиони денари*

| Период | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2003 | 42 | 32 | 32 | 37 | 31 | 28 | 30 | 23 | 25 | 25 | 17 | 17 | 339 |
| 2004 | 0 | 0 | 1 | 22 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24 |
| 2005 | 8 | 17 | 23 | 30 | 30 | 35 | 29 | 24 | 32 | 25 | 34 | 31 | 318 |
| 2006 | 20 | 27 | 46 | 33 | 41 | 47 | 39 | 40 | 29 | 36 | 36 | 31 | 425 |
| 2007 | 52 | 40 | 36 | 50 | 48 | 46 | 55 | 38 | 35 | 49 | 80 | 52 | 581 |
| План 2007 | 52 | 40 | 36 | 50 | 48 | 46 | 55 | 38 | 35 | 75 | 82 | 69 | 626 |

**Износи за враќање на акцизи на посебни субјекти во 2007 година - *во денари***

| Период | Амбасади | Меѓународни организации | Странски даночни обврзници | Непрофитни организации | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 3,527,682 | 38,906 | 0 | 0 | 3,566,588 |
| Февруари | 1,070,100 | 603,427 | 0 | 0 | 1,673,527 |
| Март | 771,206 | 61,017 | 0 | 0 | 832,223 |
| Април | 583,861 | 126,852 | 0 | 0 | 710,713 |
| Мај | 539,162 | 481,152 | 0 | 0 | 1,020,314 |
| Јуни | 911,609 | 455,741 | 0 | 0 | 1,367,350 |
| Јули | 678,739 | 57,028 | 0 | 0 | 735,767 |
| Август | 999,553 | 243,693 | 0 | 0 | 1,243,246 |
| Септември | 759,775 | 140,172 | 0 | 0 | 899,947 |
| Октомври | 895,584 | 178,363 | 0 | 0 | 1,073,947 |
| Ноември | 2,214,392 | 6,445 | 0 | 0 | 2,220,837 |
| Декември | 735,131 | 279,160 | 0 | 0 | 1,014,291 |
| Вкупно | 13,686,794 | 2,671,956 | 0 | 0 | 16,358,750 |

**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Комплекс банки бб, 1000 Скопје
телефон 02 / 3 299 500; факс 02 / 3 281 010
www.ujp.gov.mk

**2008** *Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. За користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

www.ujp.gov.mk